ПРОЕКТ: ПОДДРШКА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО МЕДИУМИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Датум:** 10.03.2021

**Лот број:** 1.3

**Референтен број на проектот:** IPA/2020/420-934

**Наслов на проектот:** Поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија

**Финансиран од**: Европската Унија

# Покана за учество на тендер за избор на Соработник на проект

Почитувани,

Задоволство ни е да Ве поканиме да ја доставите Вашата понуда за вклученост како „Соработник на проект“, во согласност со пропозициите наведени во Техничките услови за набавка **(Анекс бр.1),** што е составен дел на ова писмо за покана.

**Информации за тендерот**

Тип на договор: **Договор за вклучување на „Соработник на проект“**

**Тендерска документација**

Понудата треба да ги содржи следниве прилози:

Изјава (Анекс 2, во прилог на писмото за покана),

Финансиска понуда (Анекс 3, во прилог на писмото за покана),

Портфолио CV / референци за понудувачот, за увид на претходно искуство,

**Начин и рок на поднесување на понудата**

Понудата со уредно пополнети и потпишани прилози од страна на подносителот може да се достави преку електронска пошта на следнава адреса info@semm.mk**,** со назнака „Понуда за услуги за Соработник на проект - Лот број: 1.3“.

Крајниот рок за достава на понудата **е до (18.03.2021), четврток, до 16:00 часот**.

***Основи за исклучување: Како дел од тендерот, понудувачите треба да доставаат потпишана Изјава, (Анекс 2 во прилог на ова писмо), како доказ дека не се наоѓаат во ниту една од ситуациите за исклучување наведени во Дел 2.4 од документот „Анекс 4 - Набавка за корисници на грантови во рамки на надворешната акција на ЕУ“.***

**Критериум за избор и доделување на тендерот**

Критериумите за доделување на тендерот се врз принципот „најдобра вредност за парите“, односно (best value for money).  Најдобрата вредност за парите се утврдува со оценка на техничката понуда (портфолио на понудувачот за слични услуги) наспроти цената, по принципот 80/20.

**Потпишување на Договор**

Избраниот најповолен понудувач ќе биде известен во електронска форма дека неговата понуда е прифатена во рок од максимум 7 дена од крајниот рок за доставување на понудата. Во рок од 3 дена по приемот на Договорот, потпишан од страна на правниот застапник на Советот за етика во медиумите (СЕММ), избраниот понудувач ќе треба да го потпише и да го врати на Здружението во хартиена форма.

**Анекси:**

Анекс 1 - **Технички услови**
Анекс 2 – **Изјава**
Анекс 3 - **Финансиска понуда**
Анекс 4 - **Табела за оценување**

Ја очекуваме Вашата понуда до крајниот рок за поднесување.

Ако одлучите да не поднесете понуда, ќе ви бидеме благодарни доколку можете да нè известите писмено, наведувајќи ги причините за Вашата одлука.

Со почит,

---------------------------

Извршна директорка

Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ)